# Карпош ИН

**Септември 2018** | Бр. 66 | Година 9

## КОЈ ГО ЗАГАДУВА КАРПОШ?

ПОДОБАР ЗГРИЖУВАЧКИ **КАДАР И УСЛОВИ ВО ГРАДИНКИТЕ**

**БАБОТ ПРОДУКЦИЈА** - ПРОФЕСИОНАЛНОСТА ОВОЗМОЖУВА ДА БИДЕШ ДЕЛ ОД ФОТО И ВИДЕО СВЕТОТ

# НОВ
# ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ
# ВО КАРПОШ



На Кејот на Вардар, во близина на Алпинистичката карпа, Општина Карпош постави нов парк за миленици. Станува збор за голема површина, соодветно заградена и опремена со урбана опрема (клупи за седење и корпи за отпадоци).

По овој повод, се одржа и неформална средба на градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, советниците Владимир Станивуковиќ и Филип Даскаловски, со граѓаните – сопственици на кучиња. Поголем број на граѓани секојдневно го минуваат слободното време во овој парк, заедно со своите кучиња и навистина се задоволни од тоа што конечно овој простор доби убав лик.

Со градоначалникот разменија мислења за одржувањето на паркот, подигнувањето на свеста кај сите граѓани за односот кон животните, а се изрази подготвеност и за заедничко организирање на настани на оваа локација.

Овој дел од Карпош, полека но сигурно прераснува во убава зона за спорт и рекреација. На овој потег веќе се постави и фитнес зона, во соработка со компанијата Бимилк, а целосниот изглед ќе се заокружи со изградбата на Адреналинскиот парк, проект подготвен од Секторот за развој при Општина Карпош.





**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на локалната самоуправа

**Издава Општина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Фотографија**
Амел Амед
Ива Зафировска
Игор Ѓуровски

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

2 **НОВ ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ** во Карпош

5 **КОЈ ГО ЗАГАДУВА КАРПОШ?** Се гребеме со отпад и сме задушени во сообраќај!

12 Интервју со проф.д-р.Александра Саржоска: **ШМЕКОТ НА ИТАЛИЈА - ДЕЛ ОД КАРПОШ**

16 **БУЛИНГ - КОЈ Е ВИНОВЕН:** Од дневникот на еден педагог

20 **КРЕАТИВНО УРЕДУВАЊЕ** на градинката Орце Николов во Карпош 3 со Лајкамобајл

22 **КОНСТИТУИРАН ЛОКАЛЕН СОВЕТ** за превенција во Карпош

28 **НВО ВИЗИЈА:** Со едукација и забава до уривање на табуата

36 **ГАСТРОНОМСКО УЖИВАЊЕ:** „Давам Грош за ГРОШ“

ISSN 2545-482X



## ***ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ВОСПИТЕН*** *КАДАР ВО КАРПОШ И* ***ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ*** *ВО ГРАДИНКИТЕ*

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска беа во посета на градинката „Орце Николов“, во Карпош 2. Во оваа прилика објавија информации за новите вработувања во градинките во Карпош, како и план за тековни реконструкции и санации во градинките. Како покапитални проекти, посочена е изградбата на целосно нова градинка во Бардовци, како и надградба на градинката „Мајски цвет“, во Тафталиџе 2.



# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

## 1

Нови 200 израснати дрвја ќе бидат засадени во Карпош. Продолжуваме со зелената офанзива која ја започнавме на пролет (со засадувањето на 113 дрвја). Со новите 200 садници ќе разелениме уште неколку населби во Општината, а одговорноста на сите нас е да продолжиме да се грижиме за животната средина и јавната хигиена.

## 2

Влезени сме во есента, дел од годината кога сеуште ги сумираме впечатоците од изминатото лето и се подготвуваме за крајот на годината. Во овој период, главна тема меѓу граѓаните е загадувањето. Во овој број од Карпош ИН даваме повеќе причини за загадувањето во Карпош, но и мерки кои ќе ги преземеме. Нема да бегаме од оваа проблематика, заедно ќе ја решаваме. Нема толеранција за палењето на оган на отворени површини, како и загадување од страна на индустриските објекти.

## 3

Започнавме со сериозно подобрување на инфраструктурата во Карпош. Некој можеби ќе каже “се фалите за 100 метри асфалт”, но во овие услови и финансиска состојба, верувајте дека не е лесно да се започне со реконструкција и проширување на улицата “Њуделхиска”, поврзување на улица “Прашка” со булеварот “Митрополит Теодосиј Гологанов”, пристапниот пат за Порта Козле, реконструкцијата на “Даскал Камче”, асфалтирањето на “Јуриј Гагарин” 6 и обнова на повеќе улици и краци во Бардовци.

Ви благодарам на сите кои имате разбирање за теренските работи.

## 4

Се поблиску сме до започнувањето со изградба на Адреналинскиот парк на Кејот на Вардар (од Алпинистичката карпа до бунарите на реката Вардар). Имав можност да ги погледнам визуелизациите за изгледот на паркот и верувајте дека овој дел ќе биде меѓу поатрактивните делови од Скопје. На Кејот имаме и нов парк за миленици. Имав одлична неформална средба со повеќе сопственици на миленици. Се гледаме на Кеј.

## 5

Доаѓа период од годината кога се подготвуваат и буџетските програми за 2019. И овој пат ќе овозможиме учество на граѓаните и организациите во креирање на Буџетот, преку средби во урбаните заедници или директен контакт со мене и секторите. Европски Карпош, како што личи ќе биде лидер во партиципативното буџетирање, нешто што е редовна практика во општините од земјите членки на Европската Унија.

**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

Искрено Ваш,
Стефан Богоев



КОЈ ГО ЗАГАДУВА КАРПОШ?

# СЕ **ГРЕЕМЕ СО „ОТПАД“** И СМЕ **ЗАДУШЕНИ ВО СООБРАЌАЈ!?**

**Само прашање на денови е кога повторно, на прагот на грејната сезона, ќе се актуализира проблемот со загадувањето во Карпош, кој упорно ќе опстојува како „топ-тема“ во наредните пет-шест месеци, односно целиот зимски период. Сосема оправдано!**

**О**пштина Карпош со годиниеназад се наоѓа на „црната листа“ на најзагадени општини во т.н. скопска англомерација. Ова не е произволна констатација или трендовска еко – тема, туку констатирана состојба со егзактни податоци, заснована врз научни студии, постојани испитувања и мерење на состојбата со загаденоста на сите три медиуми (почва, вода и воздух), но со посебна нагласка на воздухот кој го дишиме. Доволно е да посочиме само две студии, една, како извештај подготвен за Програмата за развој на Обединетите нациии (УНДП) насловен „Како се загреваат домаќинства во Скопската котлина?“ и втората имплементирана во Планот за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација скопски регион, кој го изработи Сеторот за заштита на животната средина и природата при Град Скопје и кој како документ е донесен на почетокот на минатата година.

Во двата значајни документи, посебно место се отстапува на загадувањето во Карпош. На територијата на Општина Карпош се наоѓа и една од седумте мерни станици за мониторинг на квалитетот на воздух во скопската агломерација, поточно за степенот на загаденост на воздухот што го дишат карпошани, посебно во зимскиот период. Ако во нешто се едногласни и кореспондираат двете студии уште во старт, тоа е дека загадувањето на воздухот во најголема, или доминантна мерка се должи на начинот на затоплувањe на домовите, односно на емисијата на стакленички гасови. Како најкритични загадувачки супстанци се утврдени цврстите честички или попознати како ПМ 10 (честички со големина до 10 микрометри) кои повеќекратно ја надминуваат , како што велат експертите среднодневната гранична вредност, или границата на дозволеното, пред да стане алармантно.

Токму во документот за УНДП децидно се вели: „Според студијата на Финскиот метеоролошки институт работена во твининг проектот со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, која анализира податоци од Мерната станица за квалитет на амбиентален воздух во Карпош, Скопје, дојдено е до следното сознание: „Факторот 4 јасно го индицира изворот горење биомаса. Овој фактор придонесува со една третина (32%) од вкупната маса на загадување со ПМ10 честички и доаѓа од околината на станицата во Карпош, а се однесува на греење во домаќинствата / греење со мазут“.

Се разбира, греењето на дрва, па дури и на други несоодветни и штетни огревни материјали, не се единствената причина за порастот на овие штетни честички во воздухот во Карпош. Општината има и свој стручен тим, односно Секторот за екологија и енергетска ефикасност кои заедно со Овластениот инспектор за животна средина постојано работат на детекција , лоцирање и санкционирање на потенцијалните загадувачи во оваа урбана општина. Секојдневните мерења и контроли на терен се востановена пракса на надлежните служби на локалната самоуправа и согласно нив, но и другите научни сознанија и истражувања, имплицираат и имплементираат во од, соодветни мерки на заштита и превенција од загадувањето на воздухот, се разбира во доменот на надлежностите на локалната власт.

Според **Јованче Цветаноски**, дипломиран инжинер за заштита на животната средина, повеќегодишните анализи на Градот, Министерството за животна средина и Општина Карпош, говорат дека има неколку причинители за загадувањето на воздухот во Карпош. - Тука би ги навеле, вели Цветановски, покрај затоплувањето на домаќинствата и неповолната рељефно - географска положба на градот Скопје, кој сепак се наоѓа во котлина и климатските промени, но, во последно време и големата градежна експанзија, високоградбите кои не беа иманентни за Карпош во минатиот период, а кои создаваат т.н. „топлотни острови“

кои се создаваат од премногу бетон и асфалт. Сепак, вели тој, Карпош не се наоѓа под стаклено ѕвоно и не можеме да го гледаме парцијално, надвор од севкупната скопска агломерација.

Според ова, би рекле загадениот воздух „се прелева“ во Карпош и од други, соседни скопски општини и населби.

Сепак она што загрижува е дека во зимскиот период расте бројот на домаќинства кои се греат на цврсти и течни горива. Летно време е логично да има помало загадување затоа што не само што не се грее туку и загадениот воздух оди повисоко горе и сепак успева некако да се проветри, додека зимно време воздушниот притисок се зголемува, температурите паѓаат и се создава моментумот на „стаклена градина“, односно се создава смог, оној кој што негативно влијае на човековото здравје, вели Цветаноски. Не е за занемарување и зголемениот сообраќај како континуиран загадувач во текот на целата година и некои индустрии, иако оние кои може да ги контролира локалната власт се главно најмалите компании, односно, сервиси, перални угостителски објекти.

Според спомenатите студии може да се извлечат интересни сознанија за тоа, дека онаму каде што во голема мерка граѓаните живеат во индивидуални домови, куќи главно затоплувањето се врши со огревно дрво, па дури и со дополнителни штетни енергенси. Дополнително, ако се земат и некои показатели дека зиме, домовите се загреваат по 13,5 часа дневно, а во празнични и викенд денови и 13,75 часа, јасно упатува дека загревањето на домовите е „лидер“ во загадувањето без оглед што станува збор и за доминантно урбани општини како што е Карпош.

Кога веќе се детектирани причинителите за загадениот воздух, логично, прво што прашуваат граѓаните е кои мерки треба да се преземат за тоа да се спречи или барем намали. Или што прави Општината на тој план? Едноставни и евтини решенија – нема! Градот Скопје во споменатиот План, посочува 50-тина мерки, но, во надлежност и во моќ (финансиска или во други ресурси) на Општина Карпош се многу малку од нив. Според нашите експерти, секако се имплементација на алтернативни, обновливи извори на енергија, првенствено на гасификацијата секаде каде што може.



Општина Карпош како идејно, но и практично решение, на тој план беше можеби најнапред, се додека, пред неколку години, проектот за гасификација не се префрли на ниво на Градот, односно проблемот со еколошко затоплување да се реши „во пакет“ за сите општини.

Зачувување и зголемување на зелените површини во Карпош е меѓу врвните приоритети на програмата за работа на новото раководство, доизградбата на термички фасади, поставување на т.н. зелени покриви, намалување на градилиштата и претворање во „чисти градилишта“ на постојните, што подразбира, што помалку изнесување прашина од нив, заштитни мрежи и миење на возилата кои влегуваат и излегуваат од нив. Построги контроли на потенцијалните загадувачи, промотивни акции за алтернативен превоз, посебно на велосипедите, како и на алтернативни-обновливи извори на греење и сл. Она што сега и веднаш можеме да го направиме и што максимално се работи во Општината е постојаното одржување на хигиената на јавните површини, миење и метење на улиците, изградба на зелени скверови и урбани паркови, сé со цел што е можно повеќе да се придонесе за почист воздух и поздрав живот во Карпош.

**Виолета Цветковска**

# СЕПАК - **ГРЕЕЊЕТО!**

Студијата, на која се повикува ланскиот План за подобрување на квалитетот на воздухот цитира податоци кои велат дека:

*Уделите на различните извори на емисии во концентрациите измерени во мониторинг станицата Карпош се анализирани со методот на позитивна матрица на факторизација (Positive Matrix Factorization - PMF). Во студијата користени се податоците за концентрациите на суспендирани честички, SO2, NO2, CO, O3, тешки метали и PAH измерени во периодот август 2015 – февруари 2016 година. Студијата покажува забележителен удел на согорувањето биомаса во концентрациите на ПМ 2.5 и ПМ 10 во Карпош. Согорувањето биомаса кое потекнува од греењето во домаќинствата има удел од 32-36% во концентрациите на суспендирани честички. Другите важни извори во концентрациите на суспендирани честички се сообраќајот со 16-19%, почвата, вклучително и прашината од улиците, со 19-20% и индустријата со удел од 18% во вкупните концентрации на суспендирани честички. Локацијата на мониторинг станицата Карпош е резиденцијална област која не е под значително влијание само на еден извор на емисии.*

**Табела20.** Вкупна оценка на квалитетот на воздухот во агломерација Скопски регион




| | | | |
|---|---|---|---|
| | Граничната/целната вредност не е надмината | | Постои ризик од надминување |
| | Граничната/целната вредност е надмината | | Нема достапни податоци/не се врши мерење |



Ветерот кога беше, видовме што се крена во воздухот. Ние, самите луѓе не знаеме да си ја одржуваме чистота. А, за воздухот се знае, причини се градбите и автомобилите. Откако ги изградија новите згради, ние немаме воздух. Сите доаѓаат да живеат во Скопје.

Зависи од сите нас. Воздухот е ист, а причините за загадување се повеќе: густината на населението, возилата, нечистота и сл. Исто така, треба повеќе да се мијат улиците, како што тоа се правеше порано.





Нема провев меѓу зградите. Мислам дека и оваа зима Карпош ќе биде загаден од веќе јасните причини. Но, одговорност на сите нас е да се грижиме за да нема загадување.

РЕАЛИЗИРАНИ



## ОБНОВА НА ИГРАЛИШТЕТО ВО ЖДАНЕЦ

На средбата со граѓани која летоска ја одржа градоначалникот Стефан Богоев со жителите на Жданец, се говореше за потребите на локалното население кое живее во овој дел на Карпош. Меѓу останатите сугестии, граѓаните побараа и обновување на спортското игралиште кое се наоѓа во нивната населба. Токму затоа, за неполни два месеци Општина Карпош постави нови кошови на спортското игралиште во Жданец. Се работи за едно од пофреквентните места во овој дел од општината, каде што младите и повозрасните спортуваат и се рекреираат.

• • •



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „ЈУРИЈ ГАГАРИН“ 6 ВО КОЗЛЕ

Кон крајот на септември, Општина Карпош во соработка со ЈП „Улици и патишта“ ја асфалтираше улицата „Јуриј Гагарин” 6, во населбата Козле. Станува збор за реконструиран коловоз во должина од 35 метри. Преку Договорот за меѓуопштинска соработка, локалната самоуправа го направи и пристапниот пат кај комплексот згради Порта Козле.

Директорот на ЈП „Улици и патишта“, Сенад Смаиловиќ, најави дека Јавното претпријатие ќе ја продолжи соработката со Општина Карпош и во другите урбани заедници.

• • •



## НОВА УЧИЛНИЦА ВО ООУ „БРАТСТВО“

Основците од ООУ „Братство“ добија нова училница за следење на наставата. Со преградување на наставничката канцеларија и со соодветно ентериерно опремување, архитектите го адаптираа просторот во нова училница, со што училиштето го зголеми својот капацитет за запишување на дополнителен број на ученици.

Еден од главните приоритети на Општина Карпош е подобрување на условите за одвивање на образовниот процес, и за таа цел во континуитет ги реновира предучилишните и училишните објекти кои се наоѓаат на нејзина територија.



## НОВИ КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ ВО КАРПОШ 1 И КАРПОШ 3

Општина Карпош постави нови корпи за отпадоци во населбата Карпош 1, на ул. „Орце Николов”, во близина на Центарот за странски јазици.

Со цел, поголема грижа за јавната хигиена и животната средина, локалната самоуправа постави 17 нови корпи за отпадоци и во урбаната заедница Карпош 3, на потегот меѓу основното училиште „Лазо Трповски” и болницата “8. Септември”.



## **ИНФРАСТРУКТУРНО ПОВРЗУВАЊЕ** НА „ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ“ СО „ПРАШКА“

Екипи на Јавното Претпријатие „Улици и патишта“, кои ги ангажираше Општина Карпош асфалтираа дел од новопроектирана улица која ќе ги поврзува булеварот „Теодосиј Гологанов“ и улица „Прашка“.

Градежните работи ќе се изведуваат во неколку фази, а веќе во првата фаза се асфалтираат 30 метри од коловозот. Оваа улица ќе ги поврзува главната градска сообраќајна артерија „Теодосиј Гологанов“ со ул. „Прашка“ во населбата Тафталиџе.

• • •



## **ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА УРБАНИОТ СКВЕР** МЕЃУ ТАФТАЛИЏЕ 2 И НЕРЕЗИ

Општина Карпош започнува со изградба на новиот урбан сквер – зелен парк, на потегот меѓу Тафталиџе 2 и Нерези, во близина на автобуската станица, (кај последна 24 – ка). За реализација на овој проект ќе бидат потрошени речиси три милиони денари, средства кои Министерството за животна средина и просторно планирање и ги додели на Општина Карпош.

Просторот ќе биде целосно опремен со нова урбана опрема, клупи за седење, корпи за отпадоци, штедливи лед-светилки, како и детско игралиште. Локалната самоуправа ќе преземе низа хортикултурни активности, со што ќе го надгради постоечкото зеленило со нови садници и дополнително ќе го уреди.

Рокот за изведба на овој сквер е 30 дена, а во април годинава, на оваа локација се одржа и јавна презентација за проектот пред засегнатите граѓани кои живеат во околината.

Како што истакна градоначалникот Богоев, ова е начинот на кој Општината ќе комуницира и во претстојниот период, а со членството на нашата држава во Европската Унија, дополнително ќе се зголеми вклученоста на граѓаните и организациите во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

• • •



## **ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА** НА УЛИЦАТА „ЊУДЕЛХИСКА“

Месецов, започна целосната реконструкција на улицата „Њуделхиска“, во населбата Тафталиџе 1. Со оваа градежна активност ќе се асфалтираат 500 метри од коловозот, а истиот дополнително ќе се прошири и во негови рамки ќе се постави ново штедливо лед-осветлување. Оваа инвестиција ќе ја чини Општината околу 3. 200.000 денари.

Станува збор за една од најфреквентните улици во урбаната заедница „Владо Тасевски“, која досега не беше реконструирана. Со овој инфраструктурен зафат, локалната самоуправа, ќе овозможи подобар и побезбеден сообраќај на граѓаните во овој дел од Општина Карпош.

• • •



## **НОВ ЛИК НА УЛИЦАТА** „ДАСКАЛ КАМЧЕ”

Во рамките на есенската градежна сезона, Општина Карпош започна со реконструкција на дел од улицата „Даскал Камче”, во населбата Карпош 1. Станува збор за асфалтирање на коловозот во должина од 100 метри, а вкупната инвестиција е во вредност од 539.609 денари. Изведувач на оваа инфраструктурна активност е фирмата „Битем“ ДООЕЛ – Скопје.

Првиот човек на Општината, Стефан Богоев најави дека до крајот на годината целосно ќе биде реконструирана „Даскал Камче”, а ќе се санира улицата „Бранислав Нушиќ“, во населбата Карпош 2. Во претстојниот период, во овој дел на Карпош 1, ќе биде реконструирана и улицата „Гиго Михајловски“.

Наскоро, Општина Карпош ќе иницира и воведување на „ЗОНА 30“ низ повеќе сервисни улици на својата територија. Тоа практично значи ограничување на брзината при возењето автомобили и мотоцикли до 30 километри на час, со што ќе се зголеми и безбедноста за движење на пешаците, особено покрај основните училишта и градинки.

**Недела на италијанскиот јазик**

- разговор со проф. **д-р Александра Саржоска**, редовен професор и раководител на катедрата за италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” при Универзитет Св. Кирил и Методиј

# ШМЕКОТ НА ИТАЛИЈА - ДЕЛ ОД КАРПОШ



Сончевото утро и џагорот во аулата на Филолошкиот факултет навести уште еден успешен ден на јазичарите од „Блаже Конески“. Во таков дух ни помина разговорот со проф. д – р Александра Саржоска. Повод за нашиот разговор е Неделата на италијанскиот јазик, која оваа година ќе се одржи од 15 до 21 октомври, на тема: „Италијанскиот јазик во мрежа, мрежите за италијански јазик“.

- Неделата има за цел да го промовира италијанскиот јазик, италијанската книжевност и култура насекаде низ светот. Предвидени се поголем број на активности, предавања, промоции, изложби, концерти, обуки и други културни манифестации, а главен организатор е Амбасадата на Италија во Република Македонија, вели професор Саржоска.

Во рамки на Неделата на италијански јазик учествуваат и студентите, кои со своите преводи и дела даваат посебна нота и шмек на овие настани. Дополнително, оваа година, свои предавања ќе имаат и две истакнати професорки од Италија, со што се потврдува заложбата за размена и трансфер на знаења и искуства, како и поголема интернационализација на Катедрата.

Разговорот со професорката Саржоска го правиме по завршување на нејзиното предавање на група студенти. Воочлив е пријатниот однос кој владеење меѓу студентите и професорката. Се отпоздравија на италијански, во духот на лежерноста и спонтаноста која е карактеристична за Медитеранот и Италија.

Ја прашавме за тоа колкав е интересот кај студентите за изучување на италијански, при што професор Саржоска ни посочи дека има мотивирани ученици за изучување на еден од најмелодичните јазици, а најдобар показател е фактот дека имаме повеќе од 750 дипломирани италијанисти.

- Можам со гордост да кажам дека, низ годините, Катедрата успеа да стане носечки фактор за ширењето на италијанскиот јазик, литература и култура во Република Македонија, а следната, 2019 година, празнуваме и убав јубилеј, 60 години од изучувањето на италијанскиот јазик на УКИМ“, со воодушевување ни раскажуваше професорката Саржоска.

Но, поводот за разговор со проф.др, Саржоска е повеќекратен: Карпош е општина на солидарноста, а улицата “Римска” е потсетник за хуманоста што италијанскиот народ ја покажал кон Градот Скопје, по катастрофалниот земјотрес во 1963. Професорката Саржоска која воедно е и жителка на нашата Општина, ни посочи дека токму повикот за солидарност поттикнал врвни италијански уметници да донираат свои ликовни дела за Скопје. Станува збор за творби од истакнати италијански автори како: Ренато Гутузо, Алберто Бури, Енрико Бај и др. Исто така, значајна е соработката и меѓу двете држави, а особена е поддршката која Владата на Италија ја покажува кон УКИМ, Филолошкиот факултет и Катедрата, со постојаното поддржување на настани, преводи на книги, гостувања на еминентни професори, објавување на публикации, организација на настани и др.

Кога станува збор за продлабочување на соработката меѓу Општина Карпош и Катедрата за италијански јазик и книжевност, Саржоска со задоволство истакна дека подобра и поголема соработка е можна, особено на полето на создавање на едно јазично – културно италијанско катче во Општината, но и вмрежување и збратимување со општина од Италија. Интересен е и фактот дека италијанскиот јазик, од оваа година е воведен и како втор изборен јазик, во основните и средни училишта, со што се овозможува простор за дополнителна афирмација.

Во текот на целиот разговор со професорката се чувствуваше урбаноста, страста со која се прават паралелите, затоа што Саржоска со децении е жителка на Карпош и го знае пулсот на нашата Општина. На крајот, разговаравме и за ликот на Карпош, од нејзина перспектива.

“Тафталиџе е населбата со која сум посебно врзана, таму живеам веќе подолго време и многу е поразлична, би рекла градска и урбана, иако плени и со сите свои карактеристики на модерна населба.”

Нашата соговорничка, својата младост ја поминала во Влае, на познатата улица “Франц Прешерн”, но често знае да прошета и низ Карпош 4, а улицата “Вологрaдска” претставува вистински магнет за прошетки со нејзините блиски.

Професорката Саржоска има свое видување и на модерното живеење и за брзиот начин на живот, како и на тенденцијата да се сместат што повеќе луѓе на помал, ограничен простор – нешто што е пракса во сите светски метрополи.

Сепак, и покрај сите удари од модерното живеење, во Карпош сеуште се чувствува “шмекот” на урбаното, префинетото, но се зачувани и елементите на маалскиот живот.

**Димитар Караташев**

Babot
PRODUCTION

РАЗГОВОР СО **БОЈАН СЕКУЛОСКИ** – БАБОТ ПРОДУКЦИЈА

# **ПРОФЕСИОНАЛНОСТА** ОВОЗМОЖУВА ДА БИДЕШ ДЕЛ ОД **ФОТО И ВИДЕО СВЕТОТ**

Фокусиран сум на изработка на корпоративни видеа, а токму едно такво видео беше преземено од страна на автомобилскиот бренд Hyundai и споделено на нивната официјална веб страна. Со упорна работа, постојана едукација и инвестирање во опрема може да се успее!



Додека сите мои другари играа со топки или колички, јас во рацете имав апарат ", го започна разговорот Бојан Секуловски, сопственик на **БАБОТ продукција**, start up компанија со седиште во Општина Карпош.

Во опуштена атмосфера, Бојан зборуваше за своите почетоци и првите професионални ангажмани во фото и видео светот. Тој е дипломиран филмски и телевизиски монтажер од ЕСРА, а посериозно започнува да се занимава со овој бизнис во 2013 – та година.

"Мојот фокус е снимањето на корпоративни видеа, а често снимам и реклами за различни компании, работам и на покривање на настани, конференции, пост продукција, изработка на анимации, снимање со дрон и слично", вели Секуловски.

Иако на почетокот главна определба му била фотографијата, со тек на времето покажал поголем интерес за изработка на професионални видеа кои на автентичен начин промовираат одреден производ, услуга или фирма.

Располага со најсофистицирана опрема во која постојано инвестира и ја надградува. Токму Бабот е меѓу првите продукции во Македонија која ја поседува камерата **CANON C100 mark 2 – cinema camera**, за снимање на филмови, спотови, реклами.

Дека нашите видеографи и фотографи може да се споредуваат со нивните колеги од Европа, говори и фактот што Бојан и неговата Бабот продукција неодамна снимаа и промотивно видео за автомобилскиот бренд HYUNDAI. Станува збор за материјал од две минути, каде што нашиот професионален рели возач, Игор Стефановски – Иџе, управува со возило од овој познат бренд. Ова видео е преземано и од страна HYUNDAI Motorsport и споделено на нивната официјална веб страна. Тоа што импонира е начинот на кој е изработено видеото. Пренесен е адреналинот и брзината, а дословно, преку дрон, се прикажани и убавините на Водно.

Како вистински професионалец, Бојан малку зборува за себе и својот талент, туку сака да го запознаеме преку неговите изработени видеа и фотографии.

Изминатово лето беше навистина успешно за „Бабот" продукција.

"Ги фотографиравме Skopje & Ohrid Calling, настани со повеќе од 10.000 публика и со присуство на светски познати DJ – и, што претставува едно одлично искуство", раскажуваше Бојан.

Има активна соработка и со повеќе други компании како Korea Autotrade, Кораб - Трница, Mako Cigre, Tigo MK, CES тренинг центарот и многу други.

Што е посебно интересно, 27 годишниот Секулоски, веќе има искуство и во областа на политичкиот маркетинг преку учество во политички кампањи, во изработка на изборни спотови и видеа.

Пријатен беше разговорот со Бојан. А, "најтешкиот дел" од интервјуто беше моментот кога требаше да биде фотографиран. Сепак, најсигурно се чувствува кога тој е зад објективот.

На самиот крај, разговаравме и за подемот на овој вид на бизниси во нашата средина. Иако има наплив на видеографи и фотографи, сепак квантитетот најчесто не значи и квалитет.

"Порано беше во мода да си DJ, а денеска секој сака да биде фотограф. Апсолутно треба да ги поддржиме луѓето кои влегуваат во овој свет, но добро е да се постави и гранична линија. Сепак, да бидеш професионален фотограф / видеограф значи и да вложуваш во образование, да инвестираш во опрема, да ги следиш светските трендови", ни објасни Бојан.

Како Општина Карпош на Бојан и „Бабот" продукција им посакуваме многу успех, а особено не радува фактот што оваа start up компанија има намера да се приклучи и кон проектот "Мој Карпош – Моја картичка", да понуди попусти и бенефиции за карпошани кои ќе ги користат услугите на овој бизнис.

**Димитар Караташев**

**www.babot.me**

**e-mail**
babotprodukcija@gmail.com

**Facebook**
Babot

**Instagram**
@babot.me

**Youtube**
Babot









# **БУЛИНГ** КОЈ Е ВИНОВЕН?

Булингот е социјален феномен чии корени јас и сите ние треба да ги побараме во себе и секаде околу нас!

Во период кога во земјава се одбележува Светскиот ден против насилство и Детската недела, сведоци сме на инциденти, ситуации и појави на насилство во училишното секојдневие. Во овој период исто така се одвива и кампања од страна на детската амбасада „Меѓаши„ насловена како „Стоп за булинг„ , а токму во овој период ни се случи грубата „игра„ со девојчето од училиштето „Ѓорѓија Пулевски„.

Ова чудно софпаѓање за мене, како педагог во основно училиште е голем предизвик за анализа и соочување со реалната слика во моето училиште и воопшто во образовните институции, всушност предизвик да се преиспитам самата себе си! Си го поставувам прашањето: Што јас како педагог имам обврска да сторам, што јас како мајка и родител имам задача да направам и што јас како човек треба да преземам за да дадам свој придонес во спречувањето на врсничкото насилство, булингот, навредувањето, омразата и несоодветното однесување на учениците???

**Што правам, што да направам како педагог?**

Со појава на конфликтни ситуации, елементи на насилство, навреди, физичко и психичко малтретирање се среќавам од првиот ден како педагог и мислам дека најголем дел од дневната динамика ми е поврзана со решавање на овие ситуации кои сега ги спакувавме во еден пософистициран термин „Булинг“.

Ако е до превенцијата како решение за булингот, тоа со години го спроведуваме со реализација на проектите „Разрешување на конфликти“ и „Превенција од насилно однесување“ преку работилници, дебати и игровни активности со помалите ученици. Како секојдневен метод за решавање на актуелна ситуација како педагог, веднаш, истиот момент заедно со наставникот го спроведуваме методот „Анти – булинг“ односно учениците, актери во настанот ја глумат ситуацијата, па дискутираме за последиците и потоа истите ученици ја симулираат случката со поинаков позитивен исход. Притоа, секогаш инсистираме на мирно разрешување на конфликтите со метод на разговор и договор.

**Што правам ,што да направам како мајка,како родител?**

Разговор, разговор и разговор со моето дете. Нема изговори од типот „Немам време“, „Ме боли глава“, „Утре ќе видам“. Свесна сум дека на светот нема потешка професија од професијата-родител! И никој не е совршен како родител, ама можеме и мораме да учиме секој ден, секој час заедно, во секоја ситуација со нашето дете. Ми вели: „Мамо денеска имав лош ден на школо, ме навредија дека сум бил дебел, ме бутна Ведран во клупата зошто сум седнал на неговото столче и Славко ми рече дека сум бил тапа математика!!! Следи пауза исполнета со најтешките детски солзи, мајчиното срце боли, болат зборовите и солзите, корнат, ама нема покажување слабост пред детето.

Се прибиравме дома, седнавме и разговараме дека сите луѓе сме различни и дека секој реагира на различен начин во одредени ситуации. -Ти, му реков, мораш да се избориш сам, да му кажеш на другарчето дека неговите зборови те навредиле, дека Ведран не смеел да те бутне дека можел да те повреди, па потоа да му е криво и дека математика неможеш да знаеш колку Славко зошто, па ти си многу подобар од него по англиски, всушност дека сите сте различни. Го посоветував, го гушнав, се смири некако, но јас се прашував дали правилно постапив. Ми се враќаа зборови од родители со кои во моето училиште сум разговарала за вакви и слични ситуации кои едноставно ми велат: „Јас моето дете го учам вака: „Синко, ако те тепаат-тепај, ако те навредат, ти враќај три пати понавредливо". Секако, како педагог, сум ги советувала дека тоа е погрешен пристап, но тие велат да не им се мешам во начинот на воспитување. Многу често се случува родител да се заканува на некој ученик или на наставник, на сите нас со навредливи зборови и со онаа позната фраза: „Знаете ли кој сум јас, сега сите ќе ве избркам од работа!?"

Но, за среќа, поголем број на родители имаат слух за соработка, свест и желба да му се помогне на ученикот кој покажува елементи на девијантно однесување и агресија. Во такви случаи резултатот е секогаш позитивен и тогаш најмногу и се радувам на мојата професија, тогаш од нив како родител учам како јас дома да се однесувам со своите деца, тогаш по кој знае кој пат се преиспитувам дали можеше подобро!

**Што правам, што да направам како човек?**

Да критикувам општество, закони, искривени вредности, сајбер булинг, да ја барам вината кај наставниците, педагозите, психолозите, родителите, невладините здруженија, да обвинувам институции, инспектори, „fake" спроведени проекти и слично, што ќе добијам? Ништо, ама баш ништо. Ќе се вртам во кругот што ќе ме врати пак на моите прашања!

Затоа, вината си ја барам во себе, зашто можеби како педагог не сум направила доволно, можеби не се доволни само работилници и анти булинг методи. Сигурна сум дека можам повеќе или поинаку, за да не ни се повтори нова булинг приказна. Можеби како родител не сум изградила самодоверба кај моето дете, не сум го научила доволно добро како да се заштити од навредливи зборови и како да ги замени солзите со вербална самоодбрана. Сигурна сум дека има начин и ќе го најдам, за да не се повторат солзите. И на крајот, можеби како човек, некогаш треба и гласно да критикувам , ама баш гласно, за да ги натерам сите да се преиспитаат, за да биде подобро за сите!

***На крајот вината е во мене и секогаш ќе ја барам во мене, зошто булингот е токму тоа - социјален феномен чии корени јас и сите ние треба да ги побараме во себе и секаде околу нас!***

Пишува:
**Рената Поповска,**
педагог во ООУ „Лазо Трповски"



# ВЕСТИ













## **МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА** ВО КАРПОШ

Дванаесетти пат, Детскиот ликовен центар и Општина Карпош, традиционално организираа Меѓународна ликовна колонија. На падините на планината Водно, во с. Горно Нерези, уметници од земјава и од странство, три дена твореа и цртаа инспирирани од Карпош.

Оваа година, на ликовната колонија присуствуваат и уметници од збратимените општини на Општина Карпош од соседството и тоа од Тиват, Црна Гора, Триадица-Софија, Бугарија, Травник од Босна и Херцеговина, како Врњачка Бања од Србија.



# ОД ОПШТИНАТА







## ХУМАН КАРПОШ ПОДАВА РАКА

Општина Карпош се приклучи во хуманитарната акција за донирање на крв и храна, во организација на Амбасадата на САД во Република Македонија.

Станува збор за традиционална акција која се организира во знак на сеќавање на жртвите и преживеаните од трагичните настани на 11 септември 2001 година во САД.

Во името на Општина Карпош, градоначалникот Стефан Богоев донираше поголем број на прехранбени продукти кои ќе се донираат на социјално ранливите категории на граѓани.

Како локална самоуправа ќе продолжиме со организирање, но и со приклучување во хуманитарни акции чија цел е да ја зголемат солидарноста меѓу граѓаните и меѓусебната помош.

# КРЕАТИВНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДИНКАТА "ОРЦЕ НИКОЛОВ" ВО КАРПОШ 3 СО Lycamobile







Со цел да се обезбедат подобри услови за најмладите карпошани и престојот во градинката да им биде попријатен, ЈОУГД "Орце Николов" во соработка со **Лајкамобајл** како социјално одговорна компанија, го уредија внатрешниот дел од градинката, во Карпош 3. Станува збор за креативно украсување на прозорците, со интерактивни содржини и мотиви од детскиот свет, како и целосно уредување на детското театарско катче.

На големо задоволство на децата, родителите и воспитниот кадар се овозможи попријатен ентериер кој плени со својата колоритност и привлечност.

Лајкамобајл е најголемиот светски мобилен виртуелен оператор којшто опслужува над 15 милиони мобилни корисници во 25 земји. На македонскиот пазар е присутен повеќе од две години, при што им нуди на корисниците мобилни комуникациски услуги како комбинација од неограничени разговори, пораки и мобилен Интернет по атрактивни цени, како и бесплатни и неограничени меѓународни повици и тоа без договорни обврски.





## БОГОЕВ ВО ПОСЕТА НА **ПУНКТОТ ЗА БЕЗДОМНИ ЛИЦА** ВО МОМИН ПОТОК

Социјалната заштита е една од областите за која Општина Карпош води особена грижа. Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев беше во посета на Пунктот за бездомни лица во Момин Поток, при што донираше и поголем број на прехранбени продукти од името на сите карпошани. Богоев непосредно се запозна со работата на овој шелтер центар, начините на кои се згрижуваат бездомните лица, просториите во кои преспиваат, како и здравствената заштита што ја добиваат.

Првиот човек на Општината, разговараше со одговорното лице од Црвениот крст за начинот на кој локалната самоуправа дополнително може да помогне. Донацијата на храна и облека е нешто што Општина Карпош постојано го прави. Во изминатиот период се инвестираше и во обнова на осветлувањето на овој потег, а во тек е и изведба на нова водоводна мрежа.





## **ЗАЈАКНАТ ОПШТИНСКИ СОВЕТ** ЗА ПОФУНКЦИОНАЛНА ОПШТИНА

Претставниците од УНДП Мартин Николиќ и Биљана Настовска, одржаа презентација на тема: „Зајакнување на општинските совети“.

Основната цел на овој проект е создавање на зајакнати и информирани општински совети коишто активно ќе ги спроведуваат улогите на надзор и претставување. На овој начин општинските власти стануваат поодговорни и поделотворни во исполнувањето на потребите на граѓаните.

Овој проект е предвидено да се реализира преку три проектни компоненти и тоа:

- Зајакнување преку развивање на капацитетите на советниците врз основа на традиционални и иновативни методи

- Зајакнување преку финансиска поддршка (мали грантови) за приоритетни мерки на општините, избрани преку јавни консултации.

- Зајакнување преку вмрежување на национално и меѓународно ниво.

# КОНСТИТУИРАН **ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** ВО КАРПОШ









Во просториите на Библиотека „Другарче“, се конституираше Локалниот Совет за превенција при Општина Карпош. Во присуство на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, претседателот на Советот на локалната самоуправа Андреј Манолев, секретарот на Општината Стојан Алексов, членови на Советот, граѓани, се одржа првата конститутивна седница на ова тело кое ќе има за цел да работи на зголемување на безбедноста на територијата на локалната самоуправа и превентивно да дејствува.

Градоначалник на Општина Карпош, искажа задоволство од досегашната соработка со Полициската станица „Карпош“, како и со Секторот за Внатрешни работи-Скопје и за нашето заедничко делување во превенцијата и обезбедувањето на безбедноста на граѓаните на Општина Карпош во изминатите единаесет месеци. Тој посебна нагласка стави на одржаувањето маалски граѓанско-полициски патроли во „Влае 1 и 2“ , „Злокуќани“, „Карпош 3“, „Кузман Јосифовски-Питу“, на кои беа дискутирани проблемите во однос на безбедноста со кои се соочуваат граѓаните во нивните урбани и месни заедници, и беа предложени заеднички решенија.



Градоначалникот Богоев, ги презентираше превентивните мерки кои се предвидени во идниот период да се преземат за да се спречат одредени состојби кои во континуитет се повторуваат на одредени локации низ Карпош, како што се палењето на гуми и отпад по должината на кејот на реката Вардар во населбата Злокуќани, уништување на урбаната опрема на поголемите плоштади, како и трките со автомобили и мотори кои се организираат во доцните часови на бул. „Партизански одреди“.



**Благојче Атанасоски**



# ПРЕДЛОЗИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА „ЗДРАВ КАРПОШ“ **ЌЕ ВЛЕЗАТ ВО ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ**

Во Општина Карпош се одржа подготвителниот состанок на членовите на интерсекторската работна група за спроведување на истражувањето во Општината - „Прашалник за здрава населба-колку е добра и здрава нашата населба?“.

Општина Карпош е пилот општина, односно првата и единствена локална самоуправа во државата и пошироко која ќе започне да го спроведува овој проект во рамките на програмата HORIZON 2020 INHERIT, во соработка со Инситутот за јавно здравје на Република Македонија. Целта на проектот е преку поширок опфат на заинтересирани јавности, првенствено граѓаните, невладините организации, но и локалната власт да се дефинираат приоритетите како да се подобрат условите за живеење и како да се дојде до „здрава населба“.







# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА **ЈАВНИ ПАРКИНЗИ**

Општина Карпош спроведува акција за чистење на јавните паркинзи на неколку локации на територијата на локалната самоуправа. Досега се исчистени паркинг просторите на бул. „Партизански одреди” кај зградите број 143 и 145, како и јавните паркинзи на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов” број 90.

Општина Карпош и во претстојниот период ќе продолжи со тековното одржување на хигиената и грижа за животната средина.

Успешна спортска приказна

# БОБАН ЈАНЕВСКИ **- ИДНИНАТА** НА МАКЕДОНСКИОТ ТРИАТЛОН

Трча како куршум, јури со велосипед како стрела и плива како риба. Станува збор за едно неверојатно, хиперактивно дете, посветено на спортот и на врвните резултати. Плени со енергија, упорност и желба за постојани докажувања.



Малиот Бобан Јаневски е ученик од IV - 5 одделение во ООУ „Владо Тасевски“, со своите неполни девет години (роден е на 1-ви Ноември 2009 година), веќе ги наполни ѕидовите и витрината на неговота соба со бројни пехари, медали и дипломи од спортските натпревари во триатлон - една од потешките спортски дисциплини, која е комбинација од вештини и брзина во трчање, пливање и возење велосипед. Тој за нецела една година, во својата категорија (деца од втора категорија на возраст помеѓу 7 и 9 години), постојано е на победничкиот пиедестал, што гарантира врвна спортска кариера, која веќе е препознаена и во Триатлонската федерација и во Федерацијата на спортови на МК.

- Многу сакам да се натпреварувам, да возам велосипед, да пливам, да трчам и да играм фудбал со другарчињата. Кога не сум на редовните тренинзи со клубот, најчесто возиме велосипеди со татко ми, на патеката на кејот на Вардар, а пред натпревари за кондиција, возиме и на Водно, од школото „Кочо Рацин“ преку Средно Водно до Пантелејмон и Нерези

кружно се до мојата населба Жданец. Тато знае да се заморува, ама јас не сакам да правам долги паузи, многу сакам да возам, да пливам - да победувам, вели малиот Боби.

Како член на **Trioxi Rejsing** клубот од Скопје, под водство на професионалниот тренер Данчо Георгиевски, уште од самите почетоци, лани Бобан Јаневски се истакнува со својата неверојатна брзина и талент за спортување. Тоа го покажаа уште првите натпреварувања минатата есен, на Отвореното првенство на Град Скопје, што се одржува на кејот на реката Вардар, кога Боби два пати се качуваше на победничкиот пиедестал, освојувајќи второ и трето место, за, подоцна, својот квалитет да го докаже и на многу други посериозни натпреварувања во триатлон во земјата и во странство. Извонредните резултати на нашиот ученик се редат како на филмска лента, почнувајќи од Државното првенство во триатлон кое се одржа во јуни годинава во Стење, на брегот на Преспанското Езеро, кадешто Боби стана шампион на Македонија во триатлон во неговата категорија. Раскошниот талент тој го потврдува и на меѓународна сцена - на Меѓународното првенство на Србија, на Ада Циганлија во Белград, каде, во јули, во силна конкуренција го освои второто место, за да 10-тина дена подоцна на неформалното балканско првенство што се одржа во Сремска Митровица, Боби повторно го освои првото место, со одличен резултат. Пред само еден месец нашиот мал триатлонец постигна исто така добар резултат и во Пловдив, Република Бугарија, освојувајќи второ место во извонредно силна конкуренција, за да, неодамна, на 23-ти август, на Меѓународниот натпревар во Тулчеа во Романија, на Дунав, нашиот Боби со одличен резултат и во силна конкуренција повторно го освои првото место.

Новиот предизвик за ова амбициозно момче со кое, кога е во прашање спортот нема шега, туку само резултати, се викаше Балканско првенство во триатлон, кое на 15 и 16 септември се одржа во Охрид. На ова натпреварување организаторот - Балканската триатлон федерација направи извонреден потег, кога во триатлонската трка за деца ги вклучи заедно да се натпреваруваат и помалите дечиња на возраст до 9 години заедно со јуниорите до 15 години во иста трка. Така, сите учесници се натпреваруваа во брзо пливање на патека во езерото долго 200 метри, во возење велосипед во должина од 5 километри и брзо трчање на патека покрај Езерото во должина од 2 километри. На оваа трка Боби не само што беше извонреден, туку со своето бодрење ги повлече и поттикна на добар резултат и неговите две другарчиња од клубот Марио и Оги, така што тројцата на крајот се искачија на пиедесталот, освојувајќи ги првите три места, со постигнато време од под 20 минути што, да нагласиме, е извонреден резулта за натпреварувачи од оваа детска категорија.

Извонредните организатори на ова Балканско првенство во Охрид на затворањето на манифестацијата не го криеја задоволството од постигнатите резултати пред се на Македонските, Турските и Бугарските натпреварувачи, а Претседателот на триатлон федерацијата во завршните зборови посебно истакна и дека перспективите на македонскиот триатлон се одлични, посебно во најмладите категори, акцентирајќи го и резултатот од 29'26" кој го постигна Бобан Јаневски на детската трка.

Приказната за успехот на малиот Боби сигурно дека тука не завршува, едногласна оценка на сите кои се инволвирани во овој спорт е дека станува збор за вонсериски талент, од кого допрва ќе треба да се очекуваат уште поголеми успеси и резултати во триатлон и на поширока меѓународна сцена, а тоа тој со својата амбициозност и сака и може да го докаже. Овој текст ќе го завршиме со веќе одомаќинетата победничка крилатица на клубот - еден, два - Trioxiiiiii!

**Сашо Новевски**









ХЕРА МЛАДИ

# СО ЕДУКАЦИЈА И ЗАБАВА ДО **УРИВАЊЕ НА ТАБУАТА**

**Културниот антрополог Маргарет Мит еднаш изјавила „Никогаш не се сомневај дека прилично мала група на внимателни, посветни млади граѓани можат да бидат тие кои ќе го променат светот“. Токму со оваа изјава би го започнала краткото објаснување за она што се и кои се ХЕРА млади.**

Група составена од повеќе од 150 млади луѓе на возраст од 14 па се до 26 години, од повеќе различни градови од Македонија, со само една заедничка мисла и визија, да им покажат на сите што значи младински активизам во вистинска смисла. Хера млади и нејзините два сектори „Секси маало“ и „Неформално образование“ секогаш бира уникатен начин како да ги доближи темите кои со генерации биле одалечувани од младите, а за чудо, ги засегаат директно само нив. Тука отворено се зборува за секс, за род, за родови улоги и идеали, за различност, сексулани ориентации, задоволство и многу друго.

ХЕРА Млади е младинската група на ХЕРА составена од волонтери и активисти кои секојдневно работат на подигањето на свеста за теми кои се од големо значење за сите нас. Преку радио емисија, врснички едукации и многу други активности, тие даваат активен придонес за подобрувањето на сексуалното и репродуктивно здравје на младите во Македонија.

Првите младински иницијативи и првиот младински активизам се смета дека бил забележан во далечната 1960 година, еден од аспектите кои натерал многу млади луѓе да се соберат и да направат про-

мена во неколку насоки како во нарушувањето на граѓанските права, но и во големата дикскриминација по род која тогаш се појавила.

Неколку децении подоцна, повторно младите се оние кои треба да потсетат дека сеуште се бориме за родова еднаквост и рамноправност, дека сеуште правото на абортус не ги штити младите девојќи и жените, а дискриминациите врз онова на пол, род и сексулана ориентација не само што не се исчезнати, туку секојдневно можат да се видат и на улиците и во училиштата. ХЕРА млади веќе долги години е активен дел од граѓанското  општество која сеобидува на креативен, врснички начин да стави крај на многу општествени проблеми.

Она што го знаат ХЕРА млади најдобро и го прават се врсничките едукации за ССО (Сеопфатно сексуално образование), модел од 7 компоненти од различни аспекти на сексуалното и репродуктивното здравје и права. Во групата на ХЕРА млади има околу 60 сертифицирани едукатори за сеопфатно сексулано образование кои едуцираат повеќе од 350 млади луѓе годишно.

ХЕРА млади изминатите години стана место на слободно изразување, споделување идеи, реализирање најразлични проекти, учење, забавување и пред се едуцирање. Стана место на голем број млади луѓе со јасна визија за светот и место каде секој мисли глобално, но, прави промена на локално ниво. Сами, сите ние ја направивме и изградивме групата во она што е денес, самите ние се изградивме како личности, идни активни членови на ова општество, идни истражувачи и активисти кои веруваат дека еден ден ССО навистина ќе биде дел од сечиј живот и дека нема да постојат табуа кога станува збор за сексот.

Кога би требало да ја опишам ХЕРА млади со два збора би рекла дека само тука ЕДУКАЦИЈАТА и ЗАБАВАТА се спојуваат во еден збор, а табу е мисловна именка која некогаш постоела, а тука веќе ја нема.

**Лина Даневска,**
врсничка едукаторка и
координаторка
на „Секси Маало“





# **СТИПЕНДИИ ЗА НАЈТАЛЕНТИ-РАНИТЕ** УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ

Во новата учебна 2018/2019 година, Општина Карпош дополнително ќе ги мотивира талентираните ученици и спортисти од основните училишта, да остваруваат подобри резултати во науката и спортот. За таа цел, Општината објави два огласи од кои еден за доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, а другиот за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во XIII и IX одделение во општинските основни училишта за учебната 2018/2019 година.



# **МЕЃУ-НАРОДНА БРОНЗА** ЗА ПИНГПОНГ-АРКИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

Оваа година, од 20-ти до 23-ти септември, Синдикатот на УПОЗ учествуваше **на 11-тите по ред Меѓународни спортски игри и средби од Југоисточна Европа кои се одржаа во Неум, Босна и Херцеговина.** На спортските игри учествуваа **претставници од локалната самоуправа на Општина Карпош, Гордана Стојчевска-Зафировска и Гордана Максимовска кои го освоија третото место и се "закитија" со пехар и диплома во дисциплината жени пинг-понг.**

Во конкуренцијата учествуваа екипи од Управа и правосудство на Црна Гора, Синдикатот на управата Република Српска, Синдикат на Федерација на Босна и Херцеговина, Синдикат на управата на Србија , Синдикат на правосудство на Србија.







# „ВОЈДАН ЧЕРНО-ДРИНСКИ" **ШАМПИОНКИ ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК**

**Одбојкарките од ООУ „Војдан Чернодрински", се победнички во турнирот на одбојка на песок.** Во финалето, тие ги совладаа основките од ООУ „Владо Тасевски", со резултат од 2:1 во сетови. Бронзата ја освоија одбојкарките од „Димо Хаџи-Димов", кои ги победија врсничките од „Петар Поп Арсов".

Овој турнир се одигра во септември на песочното игралиште во гимназијата „Никола Карев".





# „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ **ФУДБАЛСКИ ШАМПИОНИ НА ПЕСОК**

**Во големото финале во фудбал на песок, основците од ООУ „Петар Поп Арсов“** ги победија своите ривали од ООУ „Владо Тасевски“ со резултат од 2:1 и **станаа шампиони во фудбалскиот турнир на песок.**

Третото место го освоија фудбалерите од „Аврам Писевски“, кои ги победија учениците од „Лазо Трповски“ со 1:0, и ја освоија бронзата. Овој фудбалски турнир се одигруваше два дена на песочниот терен на градската плажа на кејот на реката Вардар.

# КАРПОШАНИ ЌЕ СПОРТУВААТ НА **НОВИ ИГРАЛИШТА**

**Оваа учебна година, основното училиште „Војдан Чернодрински“ доби нови игралишта за фудбал и кошарка на отворено.** Овие терени претставуваа вистинска потреба за овој дел од Карпош и ќе бидат корисни **за учениците, но и за сите граѓани од околината кои ќе можат да спортуваат во попладневните часови.** Токму **на овие игралишта**, денеска **се отворија и традиционалните Училишни спортски лиги, кои за основците ги организира Општина Карпош, меѓу десетте основни училишта во четирите спортови: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет.**

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев на отворањето на училишните спортски лиги говореше за подобрувањето на спортската инфраструктура во Карпош и значењето на овие Училишни спортски лиги:

- Во текот на летниот период се направија и нови терени за баскет и фудбал во „Јан Амос Коменски”, а се реконструираше и спортската сала. Со обновата на игралиштата продолживме и во „Петар Поп Арсов”, а реконструирани терени имаме и во Бардовци и Жданец. Целта е да се подобрат условите во кои спортуваат најмладите, основците, но и да овозможиме дополнителни услови за рекреација на сите граѓани, рече Богоев.

Преку Училишните спортски лиги се мапира талентот кај учениците уште од најрана возраст, што претставува еден од главните предуслови, тие понатаму професионално да се занимаваат со спорт.







# ЈУБИЛЕЕН **АТЛЕТСКИ КРОС** НА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

**Јубилејно, десетти пат на Кејот на реката Вардар** во близина на амфитеатарот, **се одржа Училишен атлетски крос.**

Момчињата од основите училишта на територијата на Општина Карпош, се натпреваруваа во четири дисциплини и тоа: 150м; 200 м; 250м и 300 метри, додека девојчињата исто така се натпреваруваа во четири дисциплини: 100м; 150м; 200м; и 250 метри. Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, им го честиташе успехот и им додели медали и пехари на победниците до трето место во сите натпреварувачки категории.

# ЛЕТНО УЖИВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД КАРПОШ



Основци од училиштата од Општина Карпош, кои доаѓаат од семејства во потешка материјална состојба и оваа година беа на летен одмор. Во периодот од 24 - 31 август 2018 година, вкупно 42 ученици летуваа, се рекреираа и одмораа на бреговите на Охридското езеро. Заедно со учениците, присуствуваа и 10 возразни ментори - наставници и придружници, односно вработени во локалната самоуправа, кои се грижеа за учениците, спроведувајќи ја програмската активност на децата.



Освен пливањето и капењето во Охридското езеро, учениците слободното време го пополнуваа со спорт и спортски активности, односно играа фудбал, одбојка и кошарка, забави и дружења. На празникот „Успеание на Пресвета Богородица", учениците го посетија блискиот манастир „Свети Стефан", додека другиот ден организирано основците го поминаа во прошетка на градот Охрид, неговото централно градско подрајче и чаршијата. Истиот ден, основците го посетија и историскиот локалитет „Плаошник" како и црквата „Св. Климент –Охридски".

Летниот одмор на децата се реализираше во одморалиштето „Славејче", со седумдневен аранжман од појадок, ручек и вечера. Хуманата компонента е одлика на Општина Карпош, која како локална самоуправа постојано помага на лица и семејства во потешка материјална и социјална состојба.






Разговор со **Јован Којовски,**
освојувач на „врвови“ од Карпош

# СОН НА СЕКОЈ ПЛАНИНАР Е **ПОКРИВОТ НА СВЕТОТ**

**К**арпошанецот Јован Којовски познат и под прекарот „Јојо“, од населбата Влае веќе седум години активно се занимава со планинарење. На почетокот, неговата планинарска приказна започнала како рекреативна забава и дружење со екипата, како што вели тој, но, како што одминувале годините, планинарењето „навлегло во крвта“ и станало негова пасија.

- Се започна спонтано, како еден вид на релаксација и рекреација искачувајќи ги нашите македонски планини. Како што одминуваше времето, почнавме да искачуваме и да освојуваме се повеќе врвови на Балканот, и сфатив дека планинарењето освен мое хоби, стана и моја професионална активност, истакнува Јован.

Се започна спонтано, како еден вид на релаксација и рекреација искачувајќи ги нашите македонски планини.

Од балканските врвови, Јојо ги освоил највисокиот врв во соседна Грција, врвот Олимп (2.917 метри), и врвовите Вихрен (2.914 метри) на Пирин планина и највисокиот врв на Балканскиот полуостров и во соседна Бугарија, врвот Мусала (2.925 метри), на Рила.

- Освојувајќи ги највисоките планински врвови на Балканот, адреналинот кај мене и моето планинарско друштво се повеќе се зголемуваше, а со тоа „апетитите“ повеќе растеа. Најголемите предизвици кои ги совладавме се искачувањето на највисоките врвови на европскиот континент, а тоа се врвовите „Мон Блан“ (4.810 метри) на границата помеѓу Швајцарија и Франција, како и највисокиот врв Елбрус (5.642 метри) во Русија, вели планинарот.





Сепак, искачувањето на највисоките врвови во Европа, не било „едноставна и лесна мисија“, напротив имало предизвици и пречки, кои на крајот биле успешно совладани.



- Невремето на Мон Блан, кое го затекнавме, измрзнатите прсти на рацете при искачување на Елбрус, се ситуации во кои освен психичка, ви треба и сериозна психичка подготовка за да може да ги совладате врвовите и успешно да се вратите на стартот. Сепак станува збор за експедиција која трае три дена, со две вечери преспиени при процес на аклиматизација, што воопшто не е едноставна работа, напротив, бара многу ангажман, тренинг и психофизичка издржливост, заклучува Јован.

Планинарот од Општина Карпош, во иднина има желби и алпинистички планови за искачување на највисокиот врв во Јужна Америка, односно врвот Аконкагва на Андите. Освен овој врв Јован, сака да направи и планинарски подвиг на Хималаите. На прашањето дали мечтата и неговиот „планинарски Олимп“, односно најголемото достигнување во неговата планинарска кариера ќе биде освојувањето на „покривот на светот“, т.е врвот Монт Еверест, Јојо се насмевна и ни одговори „Никогаш не се знае“.

Јован Којовски е активен член на планинарското друштво **Макпетрол** и член на словенечката планинарска федерација. На крајот, Јојо се заблагодари на Општина Карпош за финансиската поддршка која му ја даде при неговото освојување на врвот Мон Блан.

**Благојче Атанососки**





# Давам Грош за ГРОШ




Сместена во средишниот дел на Т.Ц. „Лептокарија“, меаната со традиција повеќе од една деценија, познатата „Грош“ е гастрономски и угостителски објект кој привлекува гурмани од сите страни на градот Скопје, а за карпошани е неодминлива локација.

„За еден грош“ што би рекле архаично проверените гурмани може да ја пробаат можеби најинтересната кулинарска „даска“ во градот и по вкус и по аранжирање. „Висечките пршути и сланини“ просто ги мамат сладокусците, посебно ако малку заладат. Значи почнува сезоната!

Богатото мени на разновидни салати, топли и ладни предјадења, големиот избор на мезиња, како и превкусната скара, е примамлива понуда за секој уживател на добрата храна. Но традиционалната кујна тука не завршува. Напротив, таа се надополнува со наливното вино, добрата „жолта“ ракија, како и големиот избор на пива, кои се одличен избор на пијалоци коишто гостите можат да ги конзумираат со храната.

Во зима, во внатрешниот етно амбиент, или на лето, на пријатната летна тераса, гостопримиливоста и услугата на персоналот, амбиенталниот ентериер и „живата музика“, создаваат една комплетна слика за оваа меана да стане едноставно неодминлива за речиси секој карпошанин.

**Благојче Атанасоски**





Стоматолоши естетски центар
**Diamond S Dental**

# ЗДРАВИ ЗАБИ ЗА **УБАВА НАСМЕВКА**

Стоматолошкиот естетски центар **Diamond S Dental** постои во Општина Карпош од 2013 година. Фокусирани се на фацијалната и ортоденталната естетика, при што применуваат нови технологии и вложуваат во врвна опрема.

Стручниот и неуморен тим на ординацијата посветено работи на зголемување на јавната свест кај пациентите, за редовни третмани и прегледи, а не само кога пациентот се соочува со болка. Нивната цел е сите пациенти, без-разлика на возраст и пол, да доаѓаат на стоматолошки прегледи два пати годишно. Искуството и работата покажуваат добри резултати, карпошани, но и граѓаните на Скопје се повеќе се грижат за своите заби и имаат желба да го решат стоматолошко – естетскиот проблем во согласност со нивните желби и можности.

**Diamond S Dental** овозможува буквално се од современата стоматологија, како и општата: превенција, детска, орална хирургија, протетика, белеење на заби, пародонтолошки ласерски третмани, ортодонтски протези, гуми за исправување на заби, алајнери и сл.

Младиот, но стручен тим на ордицинацијата е предводен од страна на д-р Даниела Михајловска, специјалист по ортодонција.

Тоа што е новитет во оваа ординација се врвните третмани на регенеративна стоматологија на аугментација на коска, со помош на современи графтови. Всушност, естетската стоматологија е највозбудливиот аспект на модерната стоматологија.

**Dental S Diamond** се приклучи и кон проектот Мој Карпош – Моја картичка, со што граѓаните на Карпош ќе може да ги користат нивните услуги по пониски цени. Тие се убедени дека овој проект ќе донесе успех за сите, ќе ја зголеми свеста на граѓаните за зголемена грижа за своите заби, а истовремено ќе се овозможи економско зајакнување на помалите субјекти кои работат на територија на Карпош.

DIAMOND S DENTAL е место каде вашата насмевка е најважна, а вашите заби најсигурни.





DIAMOND DENTAL
Facijalna & OrtoDentalna Estetika

**e-mail**
dentalsdiamond@gmail.com

**Телефон**
075 | 884 - 599

**Локација**
бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 147 /2-1

# МЕ СЛУШАШ ЛИ НАСТАВНИКУ?



Диши Димитар, диши длабоко... ајде да си ја направиме нашата вежба! Ајде диши, издиши, диши, издиши... тааака, земи длабоко воздух и издиши... ќе ти биде полесно, ќе можеш да мислиш, да пишуваш полесно... така почнува секој час со мојот наставник Илија.

Му викам: „Дишам наставнику,ама не поминува„ ...ме разбираш ли наставнику, како да ти објаснам, како да се објаснам себе си, на тебе, на другарите од одделението, на мама, на тато, на оној чичкото од продавничката, на тетката кај што ме носат да ме учи да зборувам... е како да објаснам, да се објаснам себе си и на другите кој сум јас и зошто кога дишам и издишувам ете не поминува, пак сум јас истиот Димитар, тој различниот, поинаков од другите, а ист, ама ист!

Наставнику мој, па и јас сакам да ти кажам „Добар ден„ ...ама не ме слушаш, зошто те поздравувам со очите, со мимика, со мојот говор кој само јас го слушам, а ти, ти секогаш го чекаш тоа „Добар ден„ , секој ден, секој наш час и ...ништо ...секогаш нашиот поздрав завршува со твојата топла рака по мојата глава која ја чувствувам како магија, знаеш ли? ...еве слушни ме сега!

Кога доаѓаш да ме земеш од училницата да се дружиме како што секогаш ми кажуваш и кога одиме во твојата канцеларија, секој пат сакаш да те држам за рака, а јас по кој знае кој пат ти ја буткам раката ...немам претстава за допирот, не ја чувствувам твојата дланка, не знам зошто треба да те држам, а и не знам зошто некогаш те гризам, те гребам ...не знам зошто, кога ти си толку добар со мене ...не знам! А кога ќе седнеме на столчето до прозорецот да учиме, повторно ме погледнуваш чудно и сигурно се прашуваш зошто секогаш сум во истата сина блуза, истата па истата секој час, си мислиш има ли детево друго да облече?

Ах како да ти објаснам дека таа сина ткаенина е мојата кожа,т аа ете баш таа сина блузичка е дел од моето тело, од мене. Ако ми ја земе мама, како да ми делка дел од кожата, како да ми лупи дел од душава. Ете можеш ли тоа да го разбереш наставнику, ајде кажи ми зошто така се чувствувам.

И мислиш не знам дека тие кругчиња и форми што си ми ги дал да ги бојам се за мали дечиња, мислиш не знам дека специјално за мене си ги направил, посебно за мене, додека другите беспрекорно везат по тетратките, мислиш не сакам и јас ...епа не можам, а сакам. Сакам и јас да сум како другите, и другите да се како мене. Во мојот свет има безброј слики кој сакам да ги споделам, има гласови кои вриштат, а никој не ги слуша, има безброј бројки и букви, ама исти онакви какво што ги пишува наставничката кој само јас знам да ги подредам... а да и има многу движења, многу музика има, многу бои, рааазни бои и звуци, ах тој мој свет ...го разбираш ли наставнику, го гледаш ли?

Еднаш се сеќаваш кога без престан се смеев на нашиот час, ама не престанав гласно да се смеам, од душа...се сеќаваш? Многу ми беше убаво ...да... епа тогаш во мојата сликовита меморија сретнав една смешна слика, многу интересна, ме засмејуваше, ме возбудуваше, ме правеше среќен... и јас бев среќен... цел час се смеев, гласно, најгласно... Ти ме слушаше наставнику? Хаха незнам дали ме слушаше дека и ти се смееше тогаш, заедно со мене се смееше ...и Ти ми ја виде сликата во главава, нели? Многу убав ден ни беше, нели наставнику?

А кога седев еднаш цел ден со рацете на ушите свиткан на бетонот пред училницата, се сеќаваш? Сите дојдоа да ме вратат во училницата и наставничката и другарчињата ме викаа и педагогот дојде нешто објаснуваше, па и психологот ми зборуваше се и сешто ...ауух колку гужва... како во диско со гласна музика, ама таква електронска музика... звуци, гласови, слики, слики... и јас морав да се спасам... си ги покрив тогаш ушите наставику и си се вдомив во тој мој магичен свет. Димитарски, мој и само мој... каде што сум сам со себе и се е толку мирно, спокојно. Нема да заборавам колку беше страшно, гласно, се гушев од сите тие луѓе околу мене и силно ги стегав ушите склопчен во самиот себе. И... дојде ТИ, наставнику и само рече... „Оставете го„!!! Ти благодарам, другар мој! А ти знаеше зошто седам тамо нели, наставнику!?

Се сеќавам и на многу други случки, ама незнам кога биле... тешко го разбирам времето, немам претства кој ден сме, која година, ден, час... зошто јас си имам мое време, а тоа е вечно, неограничено... моето време се моите слики, моите сеќавања, моите бои и звуци. И ти така си го мериш времето наставнику?

Утре ќе се видиме наставнику? Или нема утре, вчера ли беше, или другата недела... а важно ли е? Важно е само дека ТИ си мојот другар. Ти и јас, нашите два света се нашиот заеднички ден, нашиот час. Ти ме разбираш нели? Ме слушаш, така? Многу прашања ти поставив, ги слушна нели? Знам дека ги слушна... и не ми одговарај, само биди дел од мојот свет и диши наставнику, ајде диши длабоко... ќе ти биде и тебе полесно, ќе можеш да мислиш... МЕ СЛУШАШ ЛИ НАСТАВНИКУ!



**Илија Пецевски**
Дефектолог

# facebook










# twitter










# Instagram


















#ЕсенВоКарпош



Клиничка болница
**Аџибадем Систина**

# СЕКОЈ МАЖ НАД 50 ГОДИНИ ДА ПОСЕТИ УРОЛОГ

Д – р Даниел Петровски
**Уролог**

Појавата на карцином на простата е во континуиран пораст. Последните светски статистики велат дека **секој петти маж во текот на животот ќе развие карцином на простата.** Ова првенствено се однесува на мажите над 50-годишна возраст. Бидејќи карциномот на простата не дава видливи симптоми во рана фаза, д-р Даниел Петровски, уролог во „Аџибадем Систина“, апелира секој маж над 50 години да направи превентивен урололошки преглед.

### Која е причината за појава на карцином на простата?

Причините за карциномот на простата не се јасни, како што не е јасна ни причината за сè поголемата инциденца. Се смета дека нутритивни фактори придонесуваат за појавата на карцином на простата, но не смеат да се заборават и наследните фактори. Начинот на живот и загаденоста на средината во којашто живееме придонесуваат за сè поголема присутност на карциномот на простата на нашите простори.

### Од што се состои прегледот на простата?

Основниот преглед на простатата се состои од ехо и ректален преглед на простатата. Составен дел од овој „машки пакет“ е лабораториски анализи на PSA (простатичниот специфичен антиген). Ова е еден вид туморски маркер што може да открие присуство на карцином во простата во многу рана фаза. Доколку има потреба за дополнителни испитувања, се прави трансректална ехосонографска пункциона биопсија на простата со патохистолошка обработка на добиениот материјал, магнетна резонанца и компјутерска томографија, коишто се неопходни кога се планира понатамошен оперативен третман на овие пациенти. Во „Аџибадем Систина“ нашиот тим спроведува и скенографски испитувања на скелетот, коишто се есенцијално важни за правилна стратегија за лекувањето на карциномот на простата. Со присуството на ПЕТ - скенот во нашата болница е заокружен кругот на дијагностика и третман на карциномот на простата, бидејќи со години може да не покаже речиси никаков симптом. Всушност еден од пет луѓе воопшто не знае дека го има.

### Третман

Кога зборуваме за третманот на карциномот на простата, пациентите можеме да ги поделиме во две групи. Во првата група спаѓаат пациени и кај кои карциномот е сè уште локализиран само на простата, односно не се проширил надвор од простатичната капсула, не ги зафатил регионалните лимфни жлезди и не дал оддалечени метастази во скелетниот систем. Тоа се пациенти кои се адекватни за третман со радикална простатектомија, операција каде што радикално се отстранува карциномот на простата заедно со неговата капсула и се прави пелвична лимфадектомија. Доколку патохистолошкиот наод покаже дека карциномот не е проширен надвор од простата, кај овие пациенти во најголем дел се постигнува и целосно излекување.

Втората група пациенти се пациентите коишто имаат дисеминирана болест, а тоа се пациенти кои веќе имаат напреднат стадиум на карцином на простата со зафаќање на регионаланите лимфни жлезди и со појава на метастатски депозити по скелетот и во оддалечени органи. Овие пациенти се лекуваат конзервативно. Кај нив се дејствува на хормоналната спрега на карциномот на простата бидејќи карциномот е директно зависен од тестостеронот. Кај тие пациенти се прави тотална андрогена блокада и се даваат други препарати и лекови со ко што се успева да се постигне ремисија на целиот карциномски процес.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

**Карпош 3**
072 | 26.80.54 и 078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул. Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул. Букурешка бр.2

**Тафталиџе 2**
078 | 48.69.28
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
A: ул. Копенхагенска бр.5

**Влае 1**
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр.1

**Пецо Божиновски-Кочо**
070 | 33.82.74
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр.7

**Нерези**
078 | 48.76.23
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул. Ванчо Мицков бр.19

**Владо Тасевски**
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Дрезденска бр.52

**Кузман Јосифовски-Питу**
078 | 48.69.53
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр.7

**Злокуќани**
078 | 48.69.23
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи б.б.

**Бардовци**
075 | 34.87.08
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с. Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
раководител: Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

---

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 3055 901<br>02 \| 3055 902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 3055 913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 3055 918 |
| **Сектор за правни работи:** | 02 \| 3055 900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 3055 939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 3055 920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 3068 151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 3055 931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 3055 923 |
| **Архива:** | 02 \| 3055 954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 3055 900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 214 354 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

**Поважни телефони**

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

**ПТТ услуги**

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

**Сообраќај**

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

**Дежурни аптеки**

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

**Здравствени објекти**

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника "Мајчин дом" | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

**Дежурни поликлиники**

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |




**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos